**ОПШТИНА ОХРИД**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа „(Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 34 од Статутот на Општина Охрид, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИИ НА РЕДОВНИ СТУДЕНТИ ОД ОПШТИНА ОХРИД ЗАПИШАНИ НА ДОДИПЛОМСКИ СТУДИИ ВО I ГОДИНА НА ДРЖАВНИТЕ УНИВЕРЗИТЕТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НА ДРЖАВНИ УНИВЕРЗИТЕТИ ВО ДРУГИ ЗЕМЈИ ЗА АКАДЕМСКАТА 2024/2025 ГОДИНА КОИ ЖИВЕАТ ВО ПОТЕШКИ СОЦИЈАЛНИ УСЛОВИ

### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат условите, критериумите и постапката за доделување стипендии на редовни студенти од општина Охрид.

## I. Општи одредби

### Член 2

Општина Охрид доделува стипендии на редовни студенти од општина Охрид запишани на додипломски студии во I година на државните универзитети во Република Македонија и на државни универзитети во други земји за академската 2024/2025 година кои живеат во потешки социјални услови.

Стипендиите се доделуваат за 9 (девет) месеци во текот на една академска година.

Износот на стипендијата изнесува 3.000,00 денари месечно.

Стипендиите се доделуваат во две категории:

А) Стипендии за редовни студенти од општина Охрид запишани на додипломски студии во I година на државните универзитети во Република Македонија за академската 2024/2025 кои живеат во потешки социјални услови.

Б) Стипендии за редовни студенти од општина Охрид запишани на додипломски студии во I година на државни универзитети во други земји за академската 2024/2025 година кои живеат во потешки социјални услови;

Стипендиите се неповратни.

**А) Стипендии за редовни студенти од општина Охрид запишани на додипломски студии во I година на државните универзитети во Република Македонија за академската 2024/2025 кои живеат во потешки социјални услови**

**Член 3**

Право на стипендии за редовни студенти од општина Охрид запишани на додипломски студии во I година на државните универзитети во Република Македонија за академската 2024/2025, кои живеат во потешки социјални услови имаат кандидатите кои ги исполнуваат следните услови:

1. да се жители на општина Охрид;
2. да се редовни студенти запишани во I година на државни универзитети во РМ;
3. да живеат во потешки социјални услови (со вкупни примања во семејството од максимум две минимални плати) - (студенти кои потекнуваат од семејства каде има невработени родители, самохран родител, без родител, од семејства кои се социјални случаи – приматели на еднократна или постојана парична помош, студентот од прва линија во семејството има лице со посебни потреби или ретки болести);
4. да оствариле континуиран одличен успех (просек 4.5 - 5.0) во текот на средното образование;
5. да не се корисници на стипендија или кредит од други институции или компании (не се мисли на користење на финансиска поддршка од Владата).

**Начин на пријавување**

Кандидатите кои се пријавуваат на Конкурсот, треба да го пополнат потребниот образец за пријава поставен на интернет страната www.ohrid.gov.mk или да го подигнат во пријавницата на Општина Охрид.

Со пријавата потребно е да ги достават следните документи:

1.Копија од лична карта;

2. Потврда за редовно запишан зимски семестар за студиската 2024-2025 година (копија или во оригинал);

3.Копија од трансакциска сметка;

4.Копија од свидетелства од I до IV година;

5. Потврда за висината на примања (Годишна пријава) на сите членови на семејството на студентот издадена од УЈП;

6.Копија од извод на умрени за ученици од самохран родител или без родители,

7.Копија од Решение од Суд за развод на брак за ученик од самохран родител;

8.Копија од потврда дека семејството е корисник на социјална помош;

9.Наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот или психичкиот развој и специфичните потреби на членот на семејството на студентот издадено од страна на центрите кои го утврдуваат истиот;

10.Изјава потпишана од студентот дека доставените документи се вистинити и дека истиот не е корисник на друга стипендија или кредит од друга институција или фирма (не се мисли на користење на финансиска поддршка од Владата);

11.Изјава потпишана од студентот за обработка на личните податоци.

**Б) Стипендии за редовни студенти на додипломски студии во I година кои студираат на државни универзитети во други земји кои живеат во потешки социјални услови;**

Право на стипендии за редовни студенти на додипломски студии во I година кои студираат на државни универзитети во други земји кои живеат во потешки социјални услови, имаат кандидатите кои ги исполнуваат следните услови:

1. да се жители на општина Охрид;
2. да се редовни студенти запишани во I година на државни универзитети во друга држава;
3. да живеат во потешки социјални услови (со вкупни примања во семејството од максимум две минимални плати) - (студенти кои потекнуваат од семејства каде има невработени родители, самохран родител, без родител, од семејства кои се социјални случаи – приматели на еднократна или постојана парична помош, студентот од прва линија во семејството има лице со посебни потреби или ретки болести);
4. да оствариле континуиран одличен успех (просек 4.5 - 5.0) во текот на средното образование;
5. да не се корисници на стипендија или кредит од други институции или компании (не се мисли на користење на финансика поддршка од Владата).

**Начин на пријавување**

Кандидатите кои се пријавуваат на Конкурсот, треба да го пополнат потребниот образец за пријава поставен на интернет страната www.ohrid.gov.mk или да го подигнат во пријавницата на Општина Охрид.

Со пријавата потребно е да ги достават следните документи:

1. Копија од лична карта;
2. Потврда за редовно запишан зимски семестар за академска 2024-2025 година (копија или во оригинал);
3. Копија од трансакциска сметка;
4. Копија од свидетелства од I до IV година средно образование;
5. Потврда за висината на примања (Годишна пријава) на сите членови на семејството на студентот издадена од УЈП;
6. Копија од извод на умрени за ученици од самохран родител или без родители,
7. Копија од Решение од суд за развод на брак за ученик од самохран родител;
8. Копија од потврда дека семејството е корисник на социјална помош;

9.Наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот или психичкиот развој и специфичните потреби на членот на семејството на студентот издадено од страна на центрите кои го утврдуваат истиот;

10.Изјава потпишана од студентот дека доставените документи се вистинити и дека истиот не е корисник на друга стипендија или кредит од друга институција или фирма;

11.Изјава потпишана од студентот за обработка на личните податоци.

Изјавите се објавени на интернет страната www.ohrid.gov.mk во прилог на конкурсот или може да се подигнат во пријавницата на Општина Охрид.

За доделување на стипендиите се утврдуваат следните бодови:

1. **Материјални можности на студентот и неговото семејство** - да живеат во потешки социјални услови (со вкупни примања во семејството од најмногу две минимални плати) - (студенти кои потекнуваат од семејства каде има невработени родители, самохран родител, без родител, од семејства кои остваруваат ниски месечни примања или пак се социјални случаи – примателите на еднократна или постојана парична помош);

   По овој основ може да се добијат најмногу 60 бода и тоа за семејства без примања; за месечни примања до 17.000,00 ден. – 50 бода; од 17.001,00 ден. до 22.000,00 ден. - 40 бода; од 22.001,00 ден. до 27.000,00 ден. – 20 бода; од 27.001 ден. до 40.350,00 ден. – 5 бода и над 40.350,00 ден. – 0 бода.

2. **Студирање надвор од местото на живеење.**

   По овој основ може да се добијат 10 поени.

3. Остварен одличен успех на учениците во текот на средното образование (просек 4.5 – 5.0).

   По овој основ може да се добијат намногу 20 бода. За секој просек помал од претходниот се одзема 1 бод.

4. **Дете на самохран родител.**

   По овој основ може да се добијат 10 бода.

5. **Студентот од прва линија во семејството има лице со посебни потреби или ретки болести .**

   По овој основ може да се добијат 10 бода

**Начин на пријавување**

Кандидатите кои се пријавуваат на Конкурсот, треба да достават пополнет образец- **пријава (** поставен е на интернет страната www.ohrid.gov.mk или може да го подигнат во пријавницата на Општина Охрид

Со пријавата потребно е да ги достават следните документи:

1. Копија од лична карта;
2. Потврда за редовно запишан зимски семестар за студиската 2024-2025 година (копија или во оригинал);
3. Копија од трансакциска сметка;
4. Копија од свидетелства од I до IV година;
5. Потврда за висината на примања (Годишна пријава) на сите членови на семејството на студентот издадена од УЈП;
6. Копија од извод на умрени за ученици од самохран родител или без родители,
7. Копија од Решение од суд за развод на брак за ученик од самохран родител;
8. Копија од потврда дека семејството е корисник на социјална помош;
9. Наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот или психичкиот развој и специфичните потреби на членот на семејството на студентот издадено од страна на центрите кои го утврдуваат истиот;
10. Изјава потпишана од студентот дека доставените документи се вистинити и дека истиот не е корисник на друга стипендија или кредит од друга институција или фирма;
11. Изјава потпишана од студентот за обработка на личните податоци.

Изјавите се објавени на интернет страната www.ohrid.gov.mk во прилог на конкурсот или може да се подигнат во пријавницата на Општина Охрид.

## II. Постапка за доделување на стипендии

**Член 4**

Стипендиите се доделуваат врз основа на распишан Конкурс.

Конкурсот го распишува Градоначалникот на општина Охрид.

Конкурсот се објавува на огласна табла во општината и на ВЕБ страната на општината.

Конкурсот трае 20 дена од денот на објавување.

**Член 5**

Пријавите со потребните документи студентите треба да ги достават во архивата на Општина Охрид или по пошта,во затворен коверт на адреса: **Општина Охрид ул.„Димитар Влахов“ бр.57 – Охрид** со назнака **„За комисија за спроведување на Конкурсот за доделување студентски стипендии“.**

**Член 6**

Доставените документи по Конкурсот за доделување на стипендии, ги разгледува стручна Комисија која ја формира Градоначалникот на Општина Охрид во состав од 8 (осум) члена од кои: 7 (седум) члена од редот на вработените во Општината и 1 (еден) член од Советот на општина Охрид.

Еден од членовите на стручната комисија се именува за претседател.

Мандатот на членовите на Комисијата е 1 (една) година со можност за повторно именување.

**Член 7**

Комисијата за доделување на стипендии работи во полн состав.

Комисијата за доделување на стипендии некомплетните и ненавремено доставени пријави не ги разгледува.

Комисијата за својата работа води записник.

Комисијата од пристигнатите пријави утврдува ранг листа и му ја доставува на Градоначалникот на разгледување и одлучување.

Градоначалникот врз основа на доставената ранг листа, донесува решение за доделување стипендии на студенти од Општина Охрид.

Ранг листата со избраните кандидати ќе биде објавена на интернет порталот www.ohrid.gov.mk

Против Одлуката на Градоначалникот може да се поднесе приговор во рок од 5 (пет) дена од денот на објавувањето за извршениот избор.

Приговор се поднесува до Градоначалникот на Општина Охрид.

**Член 8**

Со секој студент на кој му е доделена стипендија ќе биде склучен посебен Договор во кој подетално ќе се уредат правата и обврските на двете страни.

**Член 9**

На студентот кој ќе даде лажни податоци поврзани со остварувањето на правото на стипендија ќе му биде раскинат Договорот за користење на стипендијата, а исплатените средства е должен да ги врати на Општината.

На студентот ќе му биде раскинат Договорот за користење на стипендија и во случаи на недолично однесување во средината (противзаконски дејствија и нарушување на јавниот ред и мир).

**Член 10**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето

Општина Охрид
Градоначалник

Кирил Пецаков